ADING

# АНТИКОРОЗИН-БР

*Антикорозивен премаз во боја, за заштита на бетонски површини произведен врз база на синтетички смоли и растворувачи*
*Одговара на: EN 1504-2*

## Област на примена:

За завршна антикорозивна и декоративна обработка на стари, нови и репарирани бетонски површини. Се препорачува кај конструкции изложени на атмосферски влијанија, мраз, соли, како и блага хемиска агресија: АБ мостови, потпорни ѕидови, фасади, индустриски објекти, фабрики, пристанишни објекти и сл.

## Својства:

- Еднокомпонентна хомогена вискозна смеса;
- Поседува одлична адхезија за подлогата;
- Го спречува процесот на карбонизација;
- Постојан е на мраз, сол, солена вода и други атмосферски влијанија;
- Отпорен на нафта и нафтени деривати;
- Водонепропустлив;
- Нетоксичен (во врзана состојба);
- Достапен во повеќе бои;
- УВ-стабилен;
- Бактериолошки отпорен;
- Едноставна изведба;
- Лесен за одржување;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Содржина на суви материи: | 68±2% |
| Волуменска маса: | 1,2-1,3 г/см$^3$ |
| Време на сушење: | 70-80 мин |
| Атхезија за бетонска подлога: | 1,2-1,4 МПа |

## Подготовка на подлога:

АНТИКОРОЗИН-БР се нанесува на подлога од бетон или цементен малтер .
Подлогата треба да е здрава, сува и чиста, обезпрашена и обезмастена. Доколку има остатоци од боја, малтер, уље, растенија и слично истите треба да бидат одстранети.

## Вградување:

Вградувањето се врши со четка, јарец или машински со распрскување. АНТИКОРОЗИН-БР се нанесува во 2-3 слоја. Временското растојание помѓу нанесувањето на слоевите изнесува 24 часа.
Материјалот за првиот слој се разредува со додавање на 5 до 10% Растворувач-П и мешање со бавен мешач до потполна хомогенизација. За нанесување на вториот и третиот слој готовата смеса се нанесува без дополнително разредување.
По нанесувањето на АНТИКОРОЗИН-БР, обработените површини треба да се заштитат од силен провев и дожд во период од 6 до 12 часа.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| за два слоја | 0,5-0,6 кг/м$^2$ |
| за три слоја | 0,65-0,8 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата, веднаш по употребата се чистат со РАСТВОРУВАЧ-П

АДИТИВИ ЗА БЕТОНИ И МАЛТЕРИ

## Пакување:

лимени канти: 4 и 20 кг.

## Складирање:

Во оригинална затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5°C до 35°C, заштитен од директна изложеност на сонце. Рок на употреба 12 месеци.

## Стандардни бои:

Се произведува во бои кои се приложени во тон карта.
Забелешка:
Можни се мали отстапувања од приложените бои поради технолошки причини, а кои не влијаат на квалитетот на материјалот. Можна е изработка и во други бои, на посебно барање на купувачот.

Опасност по здравјето: Производот содржи реактивни состојки кои во неврзана состојба штетно влијаат на здравјето. При ракувањето задолжително е користење на заштитна опрема: ракавици, маски за очи. Да се избегнува контакт на производот со кожата. При инцидентен контакт, производот веднаш да се измие со вода и сапун . Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е веднаш да се побара медицинска помош.
Пожар: Антикорозин-БР И Растворувач - П содржат запаливи состојки. Не треба да се во близина на отворен оган или да се пуши за време на апликацијата.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Антикорозин-БР се чистат со Растворувач - П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@mt.net.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821
www.ading.com.mk